**СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**

***-СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ-***

**зборник на трудови**

**2016, ШТИП**

**ОПШТИНА ШТИП**

**КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

# СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

***-состојби, предизвици и перспективи-***

**2016, Штип**

**MUNICIPALITY OF STIP**

**COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP**

**FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES**

# CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**2016, STIP**

**Издава**
НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

**За издавачот**
Милена Ристова-Михајловска

**Организационен одбор**
Снежана Мирасчиева–претседател

Членови
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јовче Арсов, Соња Николова, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Вања Џамбазова Николовска, Јане Миланов,
Маја Ашкилова, Јордан Митков, Ирена Китанова, Верица Јосимовска, Оливер Цацков

**главен и одговорен уредник**
Снежана Мирасчиева

**уредник**
Соња Петровска

**уредувачки одбор**
Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Бијєдиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова (Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

**јазична редакција на македонски јазик**
Весна Ристова

**лектура на англиски јазик**
Снежана Кирова

**дизајн на корица**
Никола Смилков

**техничка поддршка**
Верица Јосимовска

**печати**
Полиестердеј -исток, Штип
Тираж 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(082)

СОВРЕМЕНОТО воспитание и образование : состојби, предизвици и перспективи : зборник на трудови / [главен и одговорен уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип : НУ Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2016. - стр.147 : илустр.53; 30 см

На наспор. насл. стр.: Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-242-037-0
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр.
а) Образование - Зборници
COBISS.MK-ID 102297098

СОДРЖИНА

Предговор........................................................................................................................................9

1. Марина Алексовска, Виолета Стошевска, Лидија Николовска – Георгиевска
**Растеме заедно**
Marina Aleksovska, Violeta Stosevska, Lidija Nikolovska-Georgievska
**We grow together**.........................................................................................................................10

2. Билјана Ефтимова Бошкова, Деспина Сивевска
**Природната околина како средина за учење на децата од предучилишна возраст**
Biljana Eftimova Boskova, Despina Sivevska
**Natural environment as a learning environment of preschool children**......................................12

3. Емилија Петрова Ѓорѓева
**Карактеристики на современото училиште во контекст на воспитната компонента** Emilija Petrova Gjorgjeva
**Characteristics of modern school in the context of the educational component**..........................18

4. Валентина Петрушева
**Естетското – важен аспект на современото образование и воспитание**
Valentina Petruseva
**Aesthetic – an important aspect of the contemporary education and upbringing** ..................... 21

5. Габриела Димова
**Здравствената едукација на родителите - тенденција на образованието денес**
Gabriela Dimova
**Health education of parents - tendency of education today** ....................................................... 25

6. Снежана Јованова-Митковска
**Техники на учење во високошколската настава**
Snezana Jovanova- Mitkovska
**Technique of learning at the academic teaching**…………………….……......................... 29

7. Снежана Мирасчиева
**Современа настава за современо образование**
Snezana Mirascieva
**Modern teaching for modern education** ..……………………………….…….......……..... 34

8. Верица Јосимовска
**Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание**
Verica Josimovska
**The presence of intercultural values in system contemporary education**…………...................... 37

**9.** Милена Ристова-Михајловска
**Жанрот полемики во старата писмена традиција и неговата актуелност во современиот образовен процес**
Milena Ristova-Mihajlovska
**The genre polemics in the old written tradition and its relevance in the modern educational process** ……………………………………………………………………….....………...... 40

10. Павлина Николовска, Нада Ѓоргова, Влатко Николовски
**Специфични развојни потешкотии кај децата како проблем во современото образование**
Pavlina Nikolovska, Nada Gjorgova, Vlatko Nikolovski

**Specific developmentaldisorders in children as a problem in modern education**……............. 48

11. Славица Танева Анева
**Инклузијата во образованието, позитивните и негативните страни од аспект на општеството со посебен осврт на ученици со аутизам**
Slavica Taneva Aneva
**Inclusion in education, advantages and disadvantages with respect of society with special reference to students with autism ...**……………………..……………......................... 54

12. Даниела Коцева
**Меѓуетничките односи во образовниот систем**
Daniela Koceva
**Interethnic relations in the educational system**………………………………........................ 57

13. Стојко Стојков
**Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта**
Stojko Stojkov
**The study of Macedonian national history in Bulgarian schools** ……………..………………. 62

14. Снежана Јованова-Митковска
**Социометриски истражувања-потреба, значење**
Snezana Jovanoa-Mitkovska
**Sociometric research - necessity, importance ..**………………………...……………........... 66

15. Елена Мирасчиева
**Методот на демонстрација во индивидуалната настава по флејта**
Elena Mirascieva
**Method of demonstration in individual teaching of fluite** ………………...…………………… 72

16. Оливер Цацков
**Учењето по пат на откривање незаменлива компонента во наставата по историја**
Oliver Cackov
**Learning by exploring - irreplaceable component in the teaching of history**………............... 75

17. Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
**Интернационалниот карактер на народните пословици и поговорки**
Dragana Kuzmanovska, Snezana Kirova, Biljana Ivanova
**International character of sayings and proverbs** ……………………………………........... 78

18. Марија Тодорова, Татјана Уланска
**Рано изучување на странски јазик**
Marija Todorova, Tatjana Ulanska
**Early language acquisition** ........................................................................................................ 82

19. Лилјана Макаријоска, Жаклина Ѓорѓиоска
**Кон реализацијата на областа дијалектологија во гимназиското образование**
Liljana Makarijoska, Zaklina Gjorgjioska
**Towards the implementation of the area of dialectology in high school education** …....…… 86

20. Деспина Сивевска
**Средствата за масовна комуникација и слободното време на децата и младите**
Despina Sivevska
**Means of mass communication and leisure time of children and youth**………………..... 91

21. Киро Јорданов
**Градиме мостови преку МИО активности**
Kiro Jordanov

**Building bridges through MIE's activities** ........................................................................ 96

22. Веска Влахова
**Педагошкиот пристап во образовниот процес на субјектот – наставник во корелација со субјектот ученик**
Veska Vlahova
**Pedagogical approach in the educational process of the subject – teacher in relation to the subject – student** ……………………………………………………………………...................... 104

23. Билјана Алексова Даневска
**Техники за градење на самодоверба кај децата во ран детски развој од одделенска настава во наставата по англиски јазик**
Biljana Aleksova Danevska
**Techniques for building confidence in children in early child development in lower grades in teaching english language** ………..…………………………………………………………. 108

24. Киро Јорданов, Драгица Петрова, Загорка Чапова
**Дигитална зависност кај учениците**
Kiro Jordanov, Dragica Petrova, Zagorka Chapova
**Digital addiction of students** ……………………………………………………….……………. 114

25. Славица Стојанова, Трајче Стојанов
**Образованието како место за изградба на добар граѓанин**
Slavica Stojanova, Trajce Stojanov
**Education as a place for building a good citizen** ...................................................................... 123

26. Снежана Ставрева Веселинова, Трајче Стојанов
**Од екоетика до екосвест**
Snezana Stavreva Veselinova, Trajce Stojanov
**From eco-ethics to eco-awareness** ........................................................................................ 127

27. Снежана Мојсоска, Данче Николовска Вратеовска
**Економскиот раст и знаењето за банкарските наспроти пазарните финансиски системи**
Snezana Mojsoska, Danche Nikolovska Vrateovska
**The economic growth and the knowledge about banking versus market financial systems** ...…………………………………………...........…………………………........................ 130

28. Слаѓана Костадиновска, Данче Николовска Вратеовска, Миле Вратеовски
**Функциите на менаџментот на човечки ресурси и банкарските институции**
Slagjana Kostadinovska, Danche Nikolovska Vrateovska, Mile Vrateovski
**Functions of the management of human resources and the banking institutions**……............ 135

29. Данче Николовска Вратеовска
**Наученото од глобалната економска криза (2008) за силните и слабите страни на финансискиот систем и макроекономската стабилност во македонија**
Dance Nikolovska Vrateovska
**The learned of the global economic crisis (2008) about the strenghts and the weaknesses of the financial system and macroeconomic stability in Macedonia**……............................................ 139

30. Данче Николовска Вратеовска
**Детерминантите на инфлацијата низ различните макроекономски школи**
Dance Nikolovska Vrateovska
**Detreminants of the inflation through the various macroeconomic schools** .......................... 144

**ПРЕДГОВОР**

*Пред нас е четвртата публикација во издание на Наионална установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ Штип, под наслов „Современото воспитание и образование –состојби, предизвици и перспективи“. Станува збор за колекција на трудови кои беа презентирани на истоимената конференција која се одржа на 18 мај 2016 година во организација на Општина Штип, а во соработка со Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип по повод 24 Мај - Св. Кирил и Методиј - денот на сесловенските просветители кои го чествуваат просветните работници. Научно-стручниот карактер на конференцијата овозможи не само размена на искуства и анализа на состојбата во воспитанието и образованието на сите нивоа, туку и трасирање на патот за иднината на воспитно-образовниот систем во целост како еден од основните темели на развојот на заедницата.*

*Публикацијата под наслов „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“ е продукт на размислувањата, искуствата, инцијативите и предлозите, теориски и емпириски сознанија кои беа презентирани на самата конференција.*

*Содржински текстовите во публикацијата третираат прашања од различни аспекти на воспитанието и образованието, во сферата на наставата, наставникот, ученикот, наставните средства, целите и содржините во воспитно-образовниот процес, прашања кои се актуелни и значајни, предизвици и потреби, идеи и искуства, на сите образовни нивоа, од предучилишно, преку основно и средно до високо-образовните институции.*

*Оваа публикација не ја исцрпува целата проблематика која е предмет на интерес на конференцијата, со оглед на сложеноста на феноменот воспитание и образование како и комплексноста на воспитно-образовниот систем. Сложената природа на проблемот како и неговата условеност од општественото опкружување, науката, техничко-технолошкиот развој, индивидуата отвора нови полиња за дискусија, идеи за развивање, нови практики со една единствена цел, унапредување на воспитно-образовниот процес, заради зголемување на квалитетот на самиот процес и на знаењето како негов продукт.*

*Ова останува да сведочи за еден настан, една состојба, во одредено време како четиво за генерациите што идат.*

*Штип, декември, 2016* *Од уредниците*

**УДК 37.091.39-027.18**
*(прегледен труд)*

# СОВРЕМЕНА НАСТАВА ЗА СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

***Снежана Мирасчиева***
***Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип***

***Апстракт:*** *Образованието денес, носејќи го епитетот современо подразбира современа настава. Ако современото образование е состојба во полето на образованието на сите негови елементи, тогаш и наставата ќе биде состојба со свои посебни обележја, определувајќи ја како современа. Основните прашања кои се предмет на интерес во трудот се однесуваат на тоа што всушност претставува современата настава, кои обележја ја определуваат како современа, колку наставата денес го следи трендот на осовременување.*
***Клучни зборови:*** *настава, образование, современа.*

# MODERN TEACHING FOR MODERN EDUCATION

***Snezana Mirascieva***
***Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delchev” Shtip***

***Abstract: C****arrying the epithet of being contemporary education today means modern teaching. If modern education is a state in the field of education of all its elements, then teaching will also be a state with its own special features defining it as modern. The main issues of concern in this paper relate to what constitutes modern teaching, which features determine it as being modern, and how much is teaching today following the trend of modernization.*
***Keywords:*** *teaching, education, modern.*

## Вовед

Кога се говори за наставата како општествена категорија, во последно време се говори за современа настава. Каква е современата настава за разлика од несовремената, или повеќе позната како традиционална, по што се слични, а по што различни, постои ли воопшто современа настава? Ова се клучните прашања околу кои се фокусиравме во трудот. За да дадеме јасен одговор, размислувањата почнуваат од опкружувањето. Имено, како дел од општеството денес, евидентно е дека сме дел од современо општество. А современото општество не е ништо друго освен збир на карактеристични особини, наспроти толкувањата дека е некоја етапа во развојот на општеството. Аналогно на тоа, образованието во него е современо. Современото образование денес се темели на компетенции и е референтна рамка за развој и проценка на индивидуалните компетенции во професионалната работа и секојдневниот живот. Една од клучните компетенции на современото образование е компетенцијата за доживотно образование. Оваа компетенција пак, е само алка во низата на клучни компетенции кои во суштина претставуваат трансфербилен, мултифункционален пакет на знаења, вештини и ставови неопходни за личен развој, инклузија и вработување кои треба да се развијат до крајот на задолжителното образование.

## Современото образование – состојба и потреби

Така определено, образованието се организира и реализира преку доминатната форма, наставата. Во каква состојба е образованието денес?!. Имено, современото образование се судира со нови предизвици секојдневно. Ако најголемото богатство на една земја е нејзиното население, тогаш најзначајните ресурси на земјата се знаењата. Затоа национални приоритети на секоја земја која ја планира својата иднина се образованието и науката. И можеби ќе се сложите со ова тврдење, но веднаш ќе упатите забелешка дека за тоа се потребни големи финансиски средства. Да, се сложуваме со вас, но делумно затоа што не се само финансиските средства во прашање, туку и статусот на знаењето и образованието, односно колкаво значење имаат знаењето и образованието во општеството. Современото образование денес се судира главно со три најголеми предизвици како: брз развој на науката и техниката кои иницираат одредени проблеми во образованието; образовните цели треба да се прилагодат и усогласат со реалните потреби и можности кои произлегуваат од потребите на општествениот и технички развој; образовните решенија треба да ги задоволат претходните две барања и да отстапуваат од традиционалните. Затоа проблемите на образованието денес можат да се определат во неколку насоки

и тоа: огромен квантум на знаења кој секоја втора година двојно се зголемува; појава на нови научни и стручни сознанија кои ги менуваат постојните; појава на нови технологии; ограничено време за формално образование; „доближување на светот“ со интензивна комуникација меѓу научните и стручни лица од различни земји; интернетот се претвора во доминантен извор на информации; брза промена на занимањата и појава на нови. Во обидите да се решат проблемите во образованието денес, како можни решенија ќе наведеме неколку: интегриран образовен систем (формално и неформално образование) кој ќе се темели на принципот на интердисциплинарност и полидисциплинарност; редефинирање на наставните содржини и континуирани промени со елементи на елиминирање на нивното совпаѓање во повеќе наставни предмети; воведување и примена на адекватни наставни методи, техники и стратегии согласни со образовните цели; перманентно образование на наставници, формализирање на неформалното образование и негова определба како доживотно учење. За да се направат потребните измени потребно е: да се знае (што се случува на полето на образованието во светот, зошто, кои се напите потреби, визија за развој, цел); да се сака (бидејќи секоја промена е напор и ризик, а образованието е многу чувствително, евентуалните грешки се долгорочни и подложни на критики од целокупната јавност) и да се може (да се има сила, моќ) како поддршка во ресурси и средства. Промените во образованието ги менуваат образовните парадигми во насока на одржливо знаење. Во контекст на динамиката на промените во современото општество потребата за образование го моделира типот на образование определен како *just in time* (навреме), образование кое е интенционално насочено кон стекнување на потребните вештини и знаења за примена на нови работни програми. Затоа и се наметнува прашањето дали сакаме образование кое ќе се прилагоди на општествените промени или образование кое само ќе иницира промени? Во одговорот на прашањето лежи императивот за нова образовна концепција - образование за модерно општество. Традиционалните образовни модели развиени на платформата за репродуктивен, статички и теориски пристап како основа на образованието, ги ограничуваат образовните институции во поглед на сеопфатност и адекватна реакција на промените во општеството. Современиот модел на образование се темели на платформата за образовен процес како континуирано доживотно активно учење. Современото општество има потреба од нови вештини, додатни знаења, усвоени вредности на социјална рамноправност и достапност на образованието до сите како и активно учество во демократскиот живот што води кон нов модел на знаење определено како оддржливо знаење. Дури тогаш образованието ќе биде основен двигател на развојот, во личниот и заедничкиот живот, на индивидуален, колективен и глобален план. Основниот квалитет на современото образование се изразува во доменот на премин: од репродуктивно кон продуктивно, од статично кон динамично, од неприменливо кон оперативно. Затоа и говориме за нови образовни парадигми кои се извор на нов квалитет во современото образование и се развиваат паралелно со барањата и потребите на современото општество. Ако се навратиме на тезата дека знаењето е значаен ресурс на една земја, тогаш индивидуата се соочува со нови барања, нови одговорности. Тоа подразбира способност за разбирање на новите знаења со кои индивидуата ќе ја обезбеди бараната писменост и подготвеност во современото општество. А бидејќи иднината на општеството зависи од квалитетот на образованието на нашите деца, тогаш одговорноста за квалитетно образование е наша. Оваа состојба единственото решение за предизвиците и потребите го гледа во наставата како единствен процес на воспитание и образование, институционализиран и организиран, планиран и воден, однапред подготвен и евалуиран, современ наставен процес.

**За современата настава**

Нашата цел овде не е да го редефинираме поимот настава, ниту да дадеме критички осврт на одделни определби. Нашата цел е преку одредени карактеристики и нивно идентификување да ја определиме рамката на поимот современа настава. Современа настава не е само поим кој треба да се дефинира, туку богат извор на прашања како: наставни содржини, наставни средства, форми, наставни методи и стратегии, функции на наставникот, улоги на ученикот, дизајнирање на процесите на учење и поучување. Наспроти современата, во литературата се говори за традиционална настава каде доминира фронтален облик на работа со изразена предавачка функција на наставникот, настава која не обезбедува доволно интеракција со учениците ниту пак остава доволно време за самостојна активност на ученикот. Станува збор за често формална, вербалистичка настава, недоволно очигледна, која ја намалува трајноста на знаењата и можноста за поврзување на теоријата со реалниот живот. Наспроти неа, современата настава е настава која обезбедува услови за квалитетно нови знаења, самостојно стекнување на знаења преку користење на мултимедијални програми, електронски учебнички пакети со текст, слика, звучни анимации и филмови, настава која создава услови за индивидуален напредок

на секој ученик во склад со неговите можности, способности и интереси. Тоа претпоставува креирање на инспиративна творечка средина за учење и работа. Од аспект на содржините, современата настава подразбира „свежина" во наставните содржини. Тоа претпоставува научното знаење, редуцирано за образовните цели, да биде преструктурирано во зависност од новите барања. Се воведуваат нови наставни содржини, се менува вообичаената социјална средина со нова, амбиентална, која подразбира слободна атмосфера и клима на кооперативност. Во современата настава се менуваат и улогите на наставникот. Долгогодишната традиционална улога на водечки и недвосмислен авторитет, судија и експерт, се поместува кон модератор и консултант. Сега наставникот отстапува од водечката активна позиција кон попасивна и позиција на помагач чија цел е ученикот самостојно да дојде до нови сознанија и посакувани резултати во одредена етапа од наставата. Впрочем, сознанието како цел е функционално дотолку, доколку претставува суштествен дел од секоја личност. За таа цел, наставникот треба да располага со знаења и умеења за водење, да биде способен за набљудување и анализа и да умее да ја планира и организира работата во групите, но и да ги препознава индивидуалните разлики и темпото на развој на секој ученик во паралелката. Менувањето на улогите на наставникот, подразбираат менување на позицијата на ученикот. А тоа пак е условено од функционална реализација на поврзаноста меѓу теоријата и практиката, односно менување на концепцијата на поучување и учење. Преминот од традиционален концепт кон современ е оперативен доколку: наставната содржина е насочена кон индивидуата и групата, а учењето фокусирано на содржината и процесот; учениците се целосно вклучени (когнитивно, афективно и практично); ученикот е во активна интеракција и учествува во активностите; наставникот е во улога на извор на ресурси, фасилитатор, медијатор и тренер; одговорноста на наставникот е да создава различни ситуации на интеракција; работната клима е неформална, стимулативна, релаксирана со намалени моменти на стрес и намалени статусни разлики; главниот проблем на наставникот е да ја стимулира групната интеракција, да ги поттикнува учениците да поставуваат прашања и сами да ги бараат одговорите; одговорноста за резултатите е на страна на учениците, тие се одговорни за нивните постигања, однесување и учење; воспитниот карактер на наставата се изразува во развивањето на социјални умеења, емоционална интелигенција и емпатија кон себе и кон другите. Ако ги идентификуваме овие карактеристики на наставата, тогаш говориме за современа. И повторно го истакнуваме тврдењето дека современа не е наставата која исклучиво се темели на примената на информациско - комуникациската технологија, ами наставата која во основа се темели на социјалната страна на човекот, човековата активност и интеракцијата со другите.

**Заклучок**

Современото образование налага активност како основа за развој и напредок на личноста, а современата настава го афирмира ученикот како активен субјект во наставата. Имено, стремежот на човекот кон усовршување и промени како една од неговите карактеристики, во голем степен го определува чувството за успех. Тој стремеж е присутен во сите сфери на животот, во интеракцијата со другите, во резултатите, постигнати и очекувани. Промената, од своја страна, создава нови услови и поставува нови барања, на кои треба да даде одговор образованието. Во тој контекст, современото образование со сета своја специфичност подразбира современа настава која ќе се менува присвојувајќи ги обележјата на современост како свои карактеристики. Во основата на сите нив е активноста на субјектот во наставата, субјектот и на страна на наставникот како и досега, но повеќе изразена во активноста на ученикот.

Затоа што *„знаењето е знаење, дури тогаш кога ќе се стекне со напрегање на сопствените мисли, а не со запомнување" (Л. Н. Толстој).*

**Литература**


- Arends, I. R. (2007). Learning to Teach. New York. McGraw – Hill
- Easton, T. (2009). Clashing Views in Science, Technology and Society. New York. McGraw – Hill
- Laketa, N., Vasilijević, D. (2006). Osnove didaktike. Užice. Učiteljski fakultet.
- Mandić, D. (2003). Didaktičko-informatičke inovacije u obrazovanju. Beograd.Medigraf.